# *ЗЕЛЕНА МАГМА*

## *Зелен сок од младо лисје на јачмен*

*Д-р Хагивара*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....................................................................................4
Исклучителна хранлива вредност на Зелената Магма............5
Зелена магма - Зелена есенција од млади листови
на јачмен......................................................................................5
Зелена крв ..................................................................................10
На срцето му е потребен калиум ............................................12
Намалување на нивото на холестерол ....................................13
Ензими за активирање и давање снага - енергија ..................13
Антиоксидансни ензими...........................................................14
Спречување на настанување на карцином!
Болест од која целиот свет најмногу стравува .......................15
ЗЕЈ делотворна и во превенција и лекување на СИДА..........16
ЗЕЈ делотворна во борба против шеќерната болест..............17
ЗЕЈ против воспаление на панкреасот ....................................18
ЗЕЈ против воспаление на црниот дроб...................................18
Поттикнете излачување на желудникови сокови....................19
ЗЕЈ кај атопичен дерматитис ....................................................19
Решение за лош здив и непријатен телесен мирис ................20
Како кожата да изгледа младо?...............................................21

Најдобар начин за употреба на ЗЕЈ .......................................22
Извонреден вкус..........................................................................23

ПОСТАПКА ПРИ ОБРАБОТКА НА ЈАЧМЕНОТ ВО
*GREEN FOODS CO*. .....................................................................24
Разлики во процесот на произведување ...................................24
Револуционерен, нов начин на производство ..........................24
Постапка на обработка на јачменот во други фирми ..............25

ЗОШТО ПЛАСТИКА?....................................................................26
Вообичаени прашања за зелената магма ................................27
Во што може да се раствора ЗМ? .............................................27
Која е разликата помеѓу Магма производите и другите зелени производи на пазарот? ...............................................27
Остануваат ли Магма производите свежи и после отворањето?..........................................................................27
Како да се чува ЗМ? ...................................................................27
Може ли Магма производите да ги користат дијабетичари? ..28

ЗА АВТОРОТ................................................................................29

НАТУРА- ПЛУС ...........................................................................31

# ВОВЕД

Денес, кога изгледа дека не е сѐ како што би требало да биде и кога ви се чини дека ќе експлодирате под притисок во ова општество, преполно со стрес, различни притисоци и брзање, ви се случува ли да сонувате, да посакате убав, топол летен ден? Да почувствувате како сте далеку од сѐ, да се вроните во бујна зелена ливада и лежите под голем даб, гледајќи во јасно сино, небо и едноставно да се опуштите?

Ве опкружува непрегледно море на млад, зелен јачмен, кој се наведнува под влијание на свежото ветре. Опоен мирис како редок егзотичен парфем го обзема вашето тело, душа и целото ваше битие. Сјајот на сето ова Ве оживува! Во таа гозба на чувства во вас јакне спокојот и повторно воспоставувате рамнотежа во самите себе и светот околу вас.

Се чувствувате изморени и исцрпени? Потребно ли ви е подмачкување? Вашите проблеми би можела да ги реши зелената моќ на сокот од младите листови на јачменот. Вкусен и зелен прав, кој се добива со посебна технологија која е повеќе пати наградувана како начин на производство на Зелена магма - зелена есенција од младо лисје на јачмен ( во понатамошниот текст - ЗЕЈ). ЗЕЈ содржи основни витамини, минерали, ензими, хлорофил и антиоксиданси во идеално врамнотежен сооднос. Древната мудрост за здравјето докажана во модерните истражувања во Јапонија и Америка и новиот начин на производство, овозможуваат добра разградба на хранливите состојки со што се храни секоја клетка во нашето тело. Виталната снага на младите листови на јачменот се пат кон добро здравје!

Јас ќе ви ја отворам вратата за секогаш да го смените вашиот живот! ЗЕЈ може од корен да го промени вашето здравје, да ви даде повеќе енергија, да го подобри вашиот изглед, да ви овозможи да се чувствувате подобро и подолго да живеете, а освен тоа може да помогне во борбата против хроничните и смртоносните болести од кои сите се плашиме.

# ИСКЛУЧИТЕЛНА ХРАНЛИВА ВРЕДНОСТ НА ЗЕЛЕНАТА МАГМА

Главна храна на двоножните и четириножните животни биле житарките. Многу животни ги јадат и при тоа ја зголемуваат отпорноста на организмот против болестите. Но, модерното општество благодарејќи на популарноста на готова и брза храна, потполно ја занемарува исцелителната моќ на мајката природа. Брзите лекови и модерната медицина, не се секогаш делотворни. Време е за враќање кон природата со користење на древната мудрост на лекување, прилагодена кон современото живеење.

### Зелена магма - Зелена есенција од млади листови на јачмен

Една од причините зошто житарките се важни за луѓето, баш како и за животните е дека тие не содржат алкалоиди (отровни материи кои се наоѓаат во многу други растенија). Тие не само што не содржат штетни материи, туку  се и отпорни на нив (ниту земјоделските хемиски средства - отрови против плевел - не може да ги уништат). Затоа, овие растенија се делотворни и сигурни за употреба. Во своите истражувања за изнаоѓање еколошки здрава, квалитетна, идеална храна на иднината, анализирав многу природни суровини, вклучувајќи и зелени сокови, бидејќи тие со години station наназад уживаат популарност како дел од здравата исхрана. Многу од тие производи, добиени од зрна, зеленчук или зелени листови од житарки се продаваат во самопослугите и продавниците за здрава храна.

Додека баравме идеална храна ги анализиравме својствата на повеќе од стотина растенија вклучувајќи сокови од астра, лобод, кељ, зелка, лотос, борови иглички и бамбусови листови. На крај ја одбравме ЗЕЈ како најдобра и најблиска до идеалната храна. Нашата одлука се темелеше на анализата на хранливите состојки содржани во сокот од зелените листови на младиот јачмен и на фактот дека во активните материи во сокот се застапени во најголем про-

цент. Богатството со хранливи состојки ни дава право со сигурност да тврдиме дека е далеку подобар од зрната на јачменот.

Јачменот бил застапен во исхраната на човекот низ векови наназад - го одгледувале древните народи уште 7000 год п.н.е. Плиниј постариот, во своите записи споменува како Грците и Италијаните го подготвувале јачменот. Египќаните го користеле за подготовка на пивото хаљ, а во исхраната на Сумераните завземал значајно место. Јапонците по традиција многу го почитуваат јачменот како храна и како лек, поради што е опеан во многу јапонски народни песни.

Јас јачменот го ценам од повеќе причини, не само заради неговата убавина, туку затоа што треперливите сочни, зелени листови на младиот јачмен содржат многубројни хранливи и лековити состојки кои влијаат на подобрување на нашето здравје. Всушност, фактот дека листовите на јачменот се похранливи од зрното беше навистина изненадувачко откритие.

Ако тоа навистина е така би можеле да се запрашате зошто тогаш едноставно не би ги користеле свежите млади лисја за џвакање? За жал, младите листови се многу богати со влакна и тие вршат блокада на сите важни хранливи состојки. Надворешната површина мора да се пробие за да ензимите од нашиот организам можат да ја завршат својата работа. Свежите листови од јачмен се тешко сварливи, поради што лековитите и хранливи состојки од свежиот лист остануваат неискористени. Во тој случај, зошто не би можеле да употребиме соковник или некој друг апарат, како би можеле да добиеме зелен сок од младите листови на јачменот? Иако ова решение е подобро од џвакањето на свежи листови, сепак не е идеално бидејќи драгоцените хранливи состојки од листовите на јачмен неможат потполно да се ослободат со цедење низ соковникот. Освен тоа, состојките на таков начин лесно би се уништиле.

Табела 1

**Споредба на составот на различни производи и Зелената есенција на млади листови од јачмен (%)**

| Производ | Белковини | Масноти | Јагленохидрати |
|---|---|---|---|
| Зелена есенција на млади листови од јачмен | 45,2 | 3,2 | 23,2 |
| Млеко (полномасно, неварено) | 2,9 | 3,3 | 4,5 |
| Банана | 1,3 | 0,4 | 21,4 |
| Јаболка | 0,4 | 0,5 | 10,4 |
| Портокал | 0,8 | 3,3 | 9,3 |
| Зелена салата | 1,0 | 0,2 | 2,4 |
| Спанаќ (свеж) | 3,0 | 0,4 | 3,9 |
| Домат (свеж) | 1,3 | 0,3 | 6,9 |
| Кељ | 1,6 | 0,2 | 2,4 |
| Сладолед | 4,0 | 8,5 | 21,8 |
| Кикирики | 26,3 | 48,2 | 17,0 |
| Варен ориз | 2,1 | 0,3 | 29,6 |

Табела 2

**Споредбен состав на минерали во Зелената есенција на млади листови од јачмен и некои најпопуларни намирници (мг/100гр)**

| **Производ** | | **Na** | **K** | **Ca** | **Mg** | **Fe** | **Cu** | **P** | **Mn** | **Zn** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелена есенција на млади листови од јачмен | | 775 | 8.880 | 1.108 | 224,7 | 15,8 | 1,36 | 5,94 | 5,6 | 7,33 |
| **Зеленчук** | Целер | 25 | 278 | 37 | 9,6 | 1,4 | 0,11 | 45 | - | - |
| | Зелена салата | 30 | 208 | 21 | 9,7 | 0,5 | 0,15 | 25 | - | - |
| | Спанаќ | 25 | 490 | 98 | 59,2 | 3,3 | 0,26 | 52 | - | - |
| | Кромид | 10 | 137 | 40 | 7,6 | 0,5 | 0,08 | 26 | - | - |
| | Домат | 3 | 288 | 3 | 11 | 0,2 | 0,1 | 18 | - | - |
| | Кељ | 15 | 240 | 45 | 16,8 | 0,4 | - | 22 | - | - |
| | Зелка | - | - | 225 | - | - | - | 67 | - | - |
| | Гавез | 19 | - | - | - | 9 | - | 40 | - | - |
| **Овошје** | Банана | 8 | 348 | 5 | 41,9 | 0,4 | 0,16 | 23 | - | - |
| | Јаболко | 8 | - | 3 | - | 0,2 | - | 7 | - | - |
| | Портокал | 4 | - | 14 | - | 0,2 | - | 12 | - | - |
| **Житарки** | Пченично брашно | 3 | 361 | 30 | 106 | 3,2 | 0,65 | 330 | - | - |
| | Мешано пченично брашно | 3 | 132 | 118 | 1,9 | 1,9 | 0,17 | 111 | - | - |
| | Рафиниран ориз (суров) | 6 | 113 | 4 | 13,1 | 0,45 | 0,06 | 99 | - | - |
| | Рафиниран ориз (варен) | 2 | 38 | 1 | 4,4 | 0,16 | 0,02 | 34 | - | - |
| | Јачмен | 3 | - | 24 | - | 1,5 | - | 140 | - | - |
| **Млеч. производи** | Кравјо млеко | 36 | 160 | 100 | 14 | 0,1 | 0,02 | 90 | - | - |
| **Риба** | Лосос (конзервиран) | 500 | 320 | 170 | 29,8 | 1,2 | 0,05 | 320 | - | - |

Табела 3

**Споредбен витамински состав на зелената есенција на младите листови од јачмен со некои популарни намирници**

| **Производ** | | **Каро-тен i.j.** | **B1** | **B2** | **B6** | **C** | **E** | **H би-отин** | **Фолна кисе-лина** | **Пан-тот. кис.** | **Нико тин. кис.** | **Хлоро-фил (mg)** | **Ко-лин (mg)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелена есенција на млади листови од јачмен | | 52.000 | 1,29 | 2,75 | 0,03 | 329 | 51 | 48 | 640 | 2,48 | 10,6 | 1.490 | 260 |
| **Зеленчук** | Целер | 0 | 1,03 | 1,02 | 0,1 | 10 | 0,5 | 0,1 | 7 | 0,4 | 0,4 | - | - |
| | Зелена салата | 200 | 0,06 | 0,06 | 0,07 | 5 | 0,5 | 0,7 | 20 | 0,1 | 0,2 | - | - |
| | Спанаќ | 8.000 | 0,12 | 0,3 | 0,1 | 100 | - | 0,1 | 80 | 0,3 | 1 | - | - |
| | Кромид | 20 | 0,03 | 0,02 | 0,1 | 10 | 0,3 | 0,9 | 10 | 0,1 | 0,2 | - | - |
| | Домат | 400 | 0,08 | 0,03 | 0,1 | 20 | 0,4 | 1,2 | 5 | 0,05 | 0,8 | - | - |
| | Кељ | 100 | 0,08 | 0,05 | - | 50 | - | - | - | - | 0,5 | - | - |
| | Зелка | 10.000 | 0,15 | 0,33 | - | 126 | - | - | - | - | - | - | - |
| | Гавез | 9.800 | 0,77 | 2,2 | - | 60 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| **Овошје** | Банана | 200 | 0,03 | 0,05 | 0,3 | 10 | 0,4 | - | 10 | 0,2 | 0,5 | - | - |
| | Јаболко | 45 | 0,01 | 0,01 | - | 55 | - | - | - | - | 0,1 | - | - |
| | Портокал | 120 | 0,09 | 0,02 | - | 50 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| | Портокал (концентрат) | 20 | - | - | - | 3 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| **Житарки** | Пчен. брашно | - | 0,3 | 0,1 | 0,4 | - | 2,6 | 5 | 35 | 4,5 | 4,5 | - | - |
| | Мешано пченично брашно | - | - | - | 0,1 | - | 1,7 | 0,6 | 14 | 0,8 | - | - | - |
| | Рафиниран ориз (сиров) | - | - | - | 0,3 | - | 0,4 | 3 | 10 | 6,6 | - | - | - |
| | Рафиниран ориз (варен) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Јачмен | - | 0,18 | 0,07 | - | - | - | - | - | - | 2,5 | - | - |
| **Млеч. произ.** | Кравјо млеко | 20 | 0,04 | 0,15 | 0,04 | 2 | - | 2 | 0,3 | 0,35 | - | - | - |
| **Риба** | Лосос (конзервиран) | - | 0,02 | 0,12 | 0,03 | - | - | 10 | 5 | 0,5 | - | - | 20,1 |

## Зелена крв

Зошто ЗЕЈ е така зелена? Поради хлорофилот кој го содржи! Со векови хлорофилот е познат како „зелена крв", дури се верувало дека со негово пиење се претвора во крв. Тоа не е далеку од вистината, бидејќи растителниот хлорофил и човечките црвени крвни зрнца - еритроцити имаат слична молекуларна структура. Затоа со право биле нарекувани „близнаци".

Извонредната моќ на хлорофилот е неисцрпна. Една од неговите способности е јакнење на дигестивниот систем - системот за варење на храната. Некои лекови кои се употребуваат при потешкотии во желудникот се зелени поради присуството на хлорофил. Затоа, кога ве мачи желудникот или имате лошо варење на храната, земете зелена есенција од млади листови на јачмен.

Освен тоа, ЗЕЈ (со хлорофил) може да помогне при внатрешни и надворешни воспаленија. Чудотворниот хлорофил не делува само на внатрешните органи како што е желудникот туку делува и надворешно. На пример, кога таа се нанесува на надворешни повреди (изгореници), воспалението се смирува за кратко време.

Освен хлорофилот, значајно е тоа што во ЗЕЈ хранливите состојки како витамини, минерали, ензими и антиоксиданси се застапени во совршена рамнотежа и природно избалансиран сооднос.

Витаминските додатоци и инстант напитоци се многи популарни. Вознемирува фактот што поединци ги користат во големи количини не внимавајќи на правилното дозирање. Витамините се навистина важни за живот но ако се земаат во поголеми количини од пропишаните, можат да предизвикаат и озбилни нарушувања на здравствената состојба и тегоби слични на оние кои ги предизвикуваат јаките лекови.

Витамините се неопходни за нормална функција на човековиот организам и неопходен е внес во доволни количини, за да се задоволат потребите на организмот. Бидејки потребите се разликуваат од човек до човек, многу е тешко да се утврди соодветната доза за секој поединец. Тешко е со помош на витамински додатоци да се реши проблемот на дефицит на задоволителен начин. Најдобар

начин е витамините да се внесуваат по природен пат, со правилен режим на исхрана со добро одбрана, квалитетна храна и додатоци во исхраната. Таквата комбинација на витамини, минерали и ензими има силно синергиско дејство и дава најдобри резултати.

ЗЕЈ е комплетен, природен извор на витамини, како: каротеноиди (кои се претвораат во вититамин А) витамините Б1, Б2, Б6, Ц, Е, ниацин, холин, биотин, пантотенска киселина.

ЗЕЈ е посигурен и поделотворен извор на витамини од витаминските додатоци, без опасност од предозирање со поедини витамини.

Покрај витамините, и минералите се од животна важност за организмот. Без нив ниедно живо суштество не може нормално да функционира - да живее.

Минералите се метали. Некои од нив веднаш ги препознаваме како метали - железо, калиум, бакар, цинк, манган но, исто така, постојат и бројни видови на базни метали - вклучувајки го натриумот и базни земјени метали како калциум.

Иако во човековото тело се потребни многу мали количини на минерали, нивниот недостаток може да предизвика многу сериозни болести, како на пример анемија - поради недостаток на железо, недостатокот на цинк може да доведе до шеќерна болест, а на калциум - до рахитис и остеопороза.

Освен тоа, доколку постои недостаток на минерали, пореметена е функцијата на многу ензими (на пример, за супероксид дизмутаза потребни се цинк и бакар). Од ова може да се заклучи дека минералите се неопходни за живот и дека нивниот недостаток може да предизвика многу пореметувања. За среќа ЗЕЈ содржи многу минерали како калциум, калиум, железо, магнезиум, бакар, манган, цинк и фосфор.

Голема предност е што минералите содржани во ЗЕЈ се во извонредна рамнотежа, бидејќи тие се собираат кога неговата хранлива вредност е најголема.

## На срцето му е потребен калиум

Срцето е мускул. За нормална функција на срцето неопходен е калиум. Во телото калиумот задолжително мора да биде во рамнотежа со натриумот. Кога во крвта нивото на калиумот опаѓа, се зголемува нивото на натриум и настанува дисбаланс меѓу овие два минерала. Секојдневниот стрес може да го намали нивото на калиум во крвта. Затоа, доколку во вашиот живот стресните состојби се чести, задолжително земајте калиум. Со тоа ќе го заштитите вашето срце и ќе обезбедите нормална работа и на сите други мускули во телото. За жал, денешната готова, преработена храна го троши калиумот наместо да го надополнува. Дополнувањето на истрошените резерви на калиум е многу мала. Може ли тоа да биде една од причините за сè поголемата смртност од болести на срцето?

Основна причина за појава на висок крвен притисок (хипертензија) е стеснување на крвните садови и прекумерно конзумирање на готварска сол. Затоа, доколку сакаме да спречиме појава на висок крвен притисок, важно е да се ограничи внесувањето на солта, и да се земаат доволни количини калиум. Болката во пределот на срцето која може да биде јака, остра, во вид на бодежи во предел на градната коска се нарекува ангина пекторис. Но, што можеме да сториме за да ја спречиме оваа појава или посериозни состојби како инфаркт на миокардот. Најдобра превенција е редовна контрола и проверка како во крвта не би дошло до зголемување на нивото на отпадни материи, кои долгорочно би предизвикале зачепување на коронарните крвни садови.

ЗЕЈ содржи материи кои го намалуваат нивото на зголемениот холестерол, ги уништуваат слободните радикали (на пр. снажен антиоксиданс 2-0-ГИВ), спречуваат слепување на крвните плочки и ги разградуваат отпадните материи кои циркулираат во крвотокот. Со други зборови, ЗЕЈ ги спречува, па дури може и да ги излечи, срцевите заболувања. Поради големата концентрација на калиум, луѓето со срцеви потешкотии би требало да ја користат секој ден и лично да се запознаат со нејзините благодети. Постои изрека „про-

цесот на стареење започнува во крвните садови“. Слободните радикали, оксидите, масните пероксиди и други штетни материи ги оштетуваат крвните садови. Како последица на сето ова доаѓа до покачување на крвениот притисок, лоша циркулација, артеросклероза, ангина пекторис и инфаркт на миокардот. Одржувајќи ги крвните садови во добра форма, можеме да го успориме процесот на стареење. ЗЕЈ изобилува со состојки кои ја спречуваат оксидацијата на липопротеините во крвните садови. Тие состојки го спречуваат стврднувањето на крвните садови, помагаат во одржување на нивната еластичност со што го успоруваат процесот на стареење. Освен тоа, ЕЈ го спречува натрупувањето на холестерол во крвните садови со што го подобрува крвотокот.

## Намалување на нивото на холестерол

Хипертензијата (покачениот крвен притисок) е она од што луѓето во средната возраст најмногу стравуваат. Постојат неколку причинители за појава на хипертензија, но најразорен е холестеролот кој се наталожува по зидовите на крвните садови и предизвикува нивно стеснување. Прв чекор во превенција од висок крвен притисок е намалување на нивото на холестерол во крвта. Истражувањата покажале дека ЗЕЈ е многу делотворна во намалување на нивото на холестерол и спречување на негова апсорпција. Една таква материја (бета ситостерол) се употребува во Јапонија во терапија на хипертензија и покачен холестерол. Мое мислење е дека ЗЕЈ е еднакво делотворна како лековите за намалување на покачениот холестерол. За среќа при употреба на ЗЕЈ нема пропратни последици.

## Ензими за активирање и давање снага - енергија

За нормално функционирање на нашето тело потребни се ензими. До денес, во човековото тело идентификувани се повеќе од 3000 видови ензими, од кои секој делува поинаку. Ензимите се катализатори, ги забрзуваат биохемиските реакции и овозможуваат

одвивање на метаболните процеси кои без нив не би можеле да се одвиваат. Многу хемиски реакции во телото не би се одвивале без ензимите, вклучувајки складирање и отпуштање на енергија, варење, дишење, крвоток и размножување.

Најголем број од потребните ензими ги добиваме преку храната. За жал, модерното производство на храна ги уништува живите ензими кои му се потребни на нашето тело за правилно функционирање. Веќе на температура од 42°C се уништуваат сите активни ензими. Тоа може да биде проблем бидејќи ензимите имаат важна улога во секоја биохемиска реакција во нашето тело. Ензимите се уништуваат со замрзнување, вриење, печење, конзервирање, сушење или техничко преработување. Животот без ензими не би бил можен. Ензимите се потребни за синтеза на витамини, минерали, јагленохидрати, масти и белковини.

## Антиоксидансни ензими

Некои ензими во телото делуваат како антиоксиданси. Ензимот супероксид дизмутаза (СОД) е антиоксидативен ензим кој ги онеспособува и уништува слободните радикали. Кога количеството на слободни радикали се зголеми повеќекратно, доаѓа до деструкција на нормалните клетки и нивна трансформација во канцерогени. Освен тоа, може да се предизвикаат одредени заболувања како: артериосклероза, која доведува до срцеви заболувања - зголемен крвен притисок, па дури и инфаркт на миокардот. Според некои теории, слободните радикали се предизвикувачи на сите болести. Но, слободните радикали не се единствените материи кои се штетни за човековиот организам. Масните или липидните пероксиди (добиени со оксидација на незаситените масни киселини) се, исто така, штетни за ѕидовите на клетките и нормалната структура на ДНК. Тие можат да предизвикаат воспаленија, артериосклероза, прерано стареење, срцеви потешкотии и други болести. Доколку сакаме да го спречиме нивното штетно делување и појавата на болест, најдобро е да делуваме превентивно и во старт да се спречи создавањето на липидните пероксиди.

ЗЕЈ е извонредно делотворна во уништување на веќе присутните слободни радикали и липидни пероксиди. Таа со ензимот супероксид дизмутаза (СОД), кој ги уништува истите. Пестицидот „параквот“ ги убива растенијата така што го стимулира создавањето слододни радикали. Меѓутоа, параквотот не може да го уништи јачменот и оризот, бидејќи тие изобилуваат со супероксид дизмутаза (СОД). Затоа е важно да се конзумира зелена есенција од младите листови на јачменот како одличен извор на супероксид дизмутаза (СОД). Овој ензим ја спречува оксидацијата на себумот на кожата и ја спречува оксидацијата на ДНК во клетките. Бидејки ензимот супероксид дизмутаза (СОД) помага на многу начини, можеме ли да го сметаме овој ензим како лек против сите болести?

## Спречување на настанување на карцином!
## Болест од која целиот свет најмногу стравува

Карцином или рак е болест од која во денешно време најмногу се стравува и според смртност е на второ место, веднаш по срцевите болести. И покрај напредокот во истражувањата и напорите да се пронајде лек за оваа тешка болест, смртноста е понатаму е многу голема.

Меѓутоа, доаѓаат добри вести. Многубројните сведоштва на корисници на ЗЕЈ од целиот свет во кои велат - „мојот рак е излечен“ или „мојот тумор се намали“ даваат надеж дека ракот може да се победи. Можеби ќе биде тешко да се поверува дека болеста која модерната медицина не успеала да ја совлада, може да биде излекувана со помош на обичен додаток во исхраната како што е екстракт добиен од сокот од младите листови на јачменот. За време на нашето истражување на ЗЕЈ откривме дека содржи состојки кои успешно се борат против ракот. Ракот настанува кога нормалните клетки од човековиот организам мутираат во канцерогени клетки. Многуте фактори како - зрачење, токсични материи, лоша исхрана, стрес и друго може да ја предизвикаат оваа мутација. Бензопирен (отровна материја присутна во месото и рибата печена на жар и во катранот на камениот јаглен) и фукинотосин (го содржат цветовите

на лопух и папрат), се едни од најканцерогените материи. Со помош на многу тестови дојдовме до заклучок дека ЗЕЈ го спречува делувањето на овие канцерогени материи.

ЗЕЈ содржи ензим пероксидаза. Тој ензим го спречува дејството на канцерогените метерии, а со тоа и мутацијата на здравите клетки. Таа, исто така, содржи големи количини на антиоксиданси како витамините А, Ц, Е кои го оневозможуваат дејството на слободните радикали кои се предизвикувачи на ракот. ЗЕЈ изобилува со овие витамини кои дејствуваат синергетски и се поуспешни во борбата со малигните заболувања отколку кога се земаат поединачно. До пред неколку години растителното масло (линоленска киселина) се сметало дека го намалува холестеролот. Новите истражувања покажуваат дека слободните радикали лесно ги оксидираат незаситените масни киселини и добиените пероксиди од мастите предизвукуваат оштетување на структурата на ДНК, клеточните мембрани, ѕидовите на крвните садови и мутација на клетките. Оксидираните масни киселини може да предизвикаат и воспалителни промени, шеќерна болест, кожни заболувања како атопичен дерматитис и слично. Бидејки ЗЕЈ ја спречува оксидацијата на масните киселини, го спречува негативното дејство на слободните радикали и претставува одлично превентивно средство.

## ЗЕЈ делотворна и во превенција и лекување на СИДА

Зелениот сок од јачменот содржи многу состојки кои поволно делуваат на човековиот организам. Една од нив е состојка растворлива во вода за која е докажано дека делува антивирусно особено ефикасна во борба со вирусот на сидата. Зелената есенција е делотворна при други вирусни инфекции како хепатит Б и Ц, ХПВ (хуман папилома вирус) херпес симплекс, херпес зоостер и др. Освен тоа јачменот содржи материи кои поттикнуваат лачење на пролактин и хормон на раст од предниот резен на хипофизата, што е неопходно за одржување на имунолошкиот систем и имунолошката реакција. Тие материи служат за ревитализација на имуниот систем. Бидејќи зелената есенција го спречува ширењето на вирусот на си-

дата и го ревитализира оштетениот имунолошки систем кај ХИВ позитивните лица, таа е вистинско оружје во борба против оваа, засега, фатална болест. Свесни сме за фактот дека сидата е депримирачка тема, но е многу важна бидејќи пронаоѓањето лек за сидата е итен проблем на човечкиот род. Истражувања за сида и ЗЕЈ во моментот се водат во соработка со Хагивара Институтот за здравствени медицински истражувања и универзитеот Џорџ Вашингтон. Досегашните резултати укажуваат дека зелената есенција е делотворна во борба против сидата и дава одлична можност за спас на многу животи.

### ЗЕЈ делотворна во борба против шеќерната болест

Шеќерната болест е комплексна болест, бидејќи практично е неизлечлива. Различни фактори влијаат на нејзината појава, особено лошите прехрамбени навики, недостаток на физички активности, генетските предиспозиции и сл. За жал, бројот на заболените сѐ повеќе расте. Дијабетичарите се подложни на голем број на компликации, меѓу кои најопасна и многу честа е оштетувањето на крвните садови (се смета дека 40% од диабетичарите умираат заради овие компликации).

Зелената есенција ја спречува појава на артериосклероза и ја подобрува циркулацијата. Со тоа таа успешно дејствува на оштетените крвни садови предизвикани од диабет. Освен тоа, од експерименти кои се водени во нашата лабораторија имаме сознание дека ЗЕЈ позитивно делува на самиот панкреас. Шеќерната болест настанува поради недостаток на инсулин - вид хормон кој го лачи панкреасот. При недостаток на инсулин мускулите не можат да апсорбираат гликоза (хранлива материја) и нивото на шеќер во крвта расте. Шеќерот кој не е апсорбиран се елиминира преки мочката. Со други зборови хранливите материи од телото излегуваат неискористени. Во борба против диабетот важно е да се поттикне лачењето на инсулин. Затоа во лекувањето на диабетот се користат инсулински инекции. Откривме дека зелената есенција делува скоро на ист начин како и инсулинот. Кога вбризгавме интравенозно состојки од

зелената есенција растворени во вода, на глувци во контролна група, како и во групата во која глувците имаа покачен шеќер во крвта, откривма дека и во двете групи забележително се намалил шеќерот и останал на тоа ниво подолго време. Кога на контролната група додадовме орално зелена есенција не забележавме значителен пад на шеќерот во крвта. Со други зборови, кога таа се зема орално, го намалува зголеменото ниво на шеќер во крвта на нормала, но нема да го менува нормалното ниво на шеќерот во крвта. Бидејќи е докажано дека при земањето зелена есенција го намалува високото ниво на шеќер во крвта, со сигурност можеме да тврдиме дека таа е ефикасна во третманот на дијабетот. Оваа вест дијабетичарите треба да ја прифатат со радост.

## ЗЕЈ против воспаление на панкреасот

Зелената есенција се покажала многу корисна во лекување на панкреатитисот (воспаление на панкреасот). Во тестовите кои се правени на Оделот за интерна медицина на Универзитетската болница во Токио, лекарите помешале ЗЕЈ со други лекови и ја поделиле смесата на пациенти кои боледувале од хронично воспаление на панкреасот. Приближно 75% од пациентите потврдиле дека болката се намалила или исчезнала. Бидејки сѐ уште не е пронајден најсоодветен начин за лекување на панкреатитот, резултатите од тие тестови го привлекоа вниманието. Јапонските доктори се помасовно ја користат ЗЕЈ во лекување на панкреатитисот. Професорот Кубота од Универзитетот во Токио и авторот на овој текст, открил дека зелената есенција содржи силни антивоспалителни агенси.

## ЗЕЈ против воспаление на црниот дроб

Писмата на многубројните корисници на зелената есенција постојано сведочат за подобрување на функцијата на црниот дроб. Дури и кај оние, кај кои тестовите докажале присуство на аномалии на црниот дроб, со нејзина редовна употреба се намалиле. Веруваме во овие резултати ветуваат, затоа што таа содржи голема коли-

чина на холин и калиум. Холинот е многу ефикасен во разградба на мастите (кои се натрупуваат во црниот дроб) па затоа лекарите многу често ги користат препаратите на холин во терапевтски цели. На црниот дроб му е неопходен и калиум. Луѓето кои боледуваат од цироза (болест на црниот дроб) немаат доволно калиум. Значи, врамнотежените состојки кои ги содржи зелената есенција (како што се холин и калиум), ја подобруваат функцијата на црниот дроб.

## Поттикнете излачување на желудникови сокови

Уште едно од значајните особини на ЗЕЈ е и нејзината ефикасност во подобрување на работата на органите за варење. Постојано слушаме од луѓето, кои долго време имале потешкотии со желудникот по земањето на зелената есенција забележале дека непријатните симптоми се губат веднаш по земањето. Дополнителните информации од многу луѓе ширум светот укажуваат дека со консумирање на ЗЕЈ може да се лекува и чир на желудник.

Ние сметаме дека овие добри резултати произлегуваат од присуството на минералите и ензимите во неа, нивниот идеално избалансиран сооднос и нивното синергично дејство. Ензимите во зелената есенција го подобруваат варењето. Хлорофилот го поттикнува создавањето на гранулационото ткиво во слузницата на желудникот, а со тоа се лекувањето на чирот е сосема извесно.

Конечно, општо е познато дека потешкотиите со дигестивниот тракт (како гастритис и улкус) се предизвикани од стрес. Кога стресот е зголемен се ослободуваат обилни количини калиум, кој го помага влошувањето на тие состојби.

## ЗЕЈ кај атопичен дерматитис

Забележано е дека сè поголем е бројот на луѓето страдаат од алергии. Неизбежен е податокот да од една група деца, барем едно од нив боледува од некој тип на алергија. Алергиите имаат многу облици: ринитис, астма, атопичен дерматитис, алергија на полен, прашина, домашни миленици, некои прехрамбени продукти и слич-

но. Порано се верувало дека алергиите се губат кога организмот ќе постигне зрелост, но има многу примери кои ја демантираат таквата теорија. Алергијата е присутна и во подоцнежниот период од животот, неретко и во потежок облик. Тоа е чест случај кај атопичниот дерматитис. Луѓето кои боледуваат од атопичен дерматитис имаат промени на кожата слични на егзема. Промените на кожата се пропратени со јадеж и бидејки неможат да престанат да се чешаат, пациентите се онеспособени за извршување на работните задачи. Тоа е навистина сериозен проблем за работоспособните луѓе.

Се смета дека алергиите ги предизвикува изменета реакција на имунолошкиот систем. За жал, медицинската наука сѐ уште нема доволни познавања за имунолошкиот систем, така да ниту еден третман на лекување на алергиите не дава посакувани резултати. Кога ја испитуваме крвта на пациентите кои боледуваат од алергии, забележуваме дека нивната крв е кисела, наместо благо алкална, како што е нормално. Освен тоа, многу лекови кои се користат во лекување на алергиите, сами по себе ја зголемуваат киселоста на крвта. Наместо симптомите да ги лекуваме со лекови, би требало да се пристапи кон нормализирање на клеточната функција. Неопходно е да се намали киселата ПХ вредност на крвта, а зелената есенција од младите листови на јачменот го прави токму тоа. Затоа многу луѓе кои пијат ЗЕЈ забележале дека симптомите на нивните алергии се намалиле или исчезнале. Денес сѐ повеќе луѓе боледуваат од алергии, постојано не се чувствуваат добро и имаат пречки во одвивањето на нормалните функции во телото. Тоа веројатно може да се препише на лошата исхрана и внесот на загадената храна. Значи, неопходно е да се постигне нормално функционирање на сите внатрешни органи а идеален избор за тоа е зелената есенција.

### Решение за лош здив и непријатен телесен мирис

ЗЕЈ е ефикасна против халитоза (лош здив) и непријатен мирис на телото и пазувите. Без разлика на тоа што овие појави не се болест самите сте свесни колку овие тегоби можат да ни пречат. Ако имате еден од тие проблеми, тоа може лошо да влијае на вашиот

деловен, општествен и приватен живот. Важно е да се отстранат и да се спречи повторна појава на истити проблеми. Хлорофилот и неговото дезодорансно дејство моментално и ефикасно го победуваат непријатниот мирис на телото и пазувите, и лошиот здив. Моќта на хлорофилот да ги отстранува непријатните мириси е добро позната. Затоа хлорофилот е еден од многуте производи наменети за спречување на непријатниот мирис на телото и лошиот здив во уста (мастики за џвакање). Бидејќи зелената есенција содржи хлорофил во доволна количина многу е ефикасна за таа намена. На пр. ако пиете Зелена Магма (во понатамошниот текст - ЗМ) растворена во чаша вода, Вашиот лош здив ќе исчезне. Лошиот здив е често предизвикан поради парадентоза или дигестивни пореметувања. Бидејќи зелената есенција делува антивоспалително, може да ги уништи непријатните мириси во самиот нивен извор.

Во многу случаи мирисите на телото и пазувите не се непријатни сами по себе. Тие може да станат непријатни кога бактериите ќе се размножат во потта и секретите. Затоа непријатните мириси може да бидат уништени ако се спречи размножувањето на бактериите. Тоа може да се постигне ако ЗМ се раствори во филтрирана вода, а потоа се меша со крема и се нанеува под пазувите и другите делови на телото.

## Како кожата да изгледа младо?

Сите ние сакаме да имаме млада кожа. Кога кожата изгледа свежо и сјајно сите изгледаме помлади па така и се чувствуваме помлади. Бидејќи кожата е највидливиот дел од нашето тело неизбежно е да изгледаме млади ако таа е свежа, витална и млада.

Многу жени на кои кожата им е во лоша состојба посетуваат козметички салони. Во вечната потрага по младоста, жените постојано испробуваат најразлични производи. Но, и најскапите козметички препарати не можат да го дадат оној природен и блескав изглед. Кога внатрешните органи лошо функционираат кожата го губи својот сјај. Исто така кога крвта и кожата стануваат кисели, кожата станува сува и се лупи. Но, дури и оние чија кожа изгубила сјај за-

ради лошата функција на организмот и киселоста на внатрешните органи можат повторно да имаат кожа која сјае. Како? Ако редовно пиете ЗМ, вашата кожа може повторно да стане сјајна и здрава. Тоа е можно затоа што ЗЕЈ ја подобрува функцијата на внатрешните органи и го решава проблемот со киселоста.

Таа е многу ефикасна во обновување на младиот изглед на кожата. Младите листови од јачменот даваат динамични резултати во лекување на кожни болести. ЗМ е благодет не само за функција на внатрешните органи туку и за целото тело. Резултат од тоа е активен метаболизам на телото и подмладена кожа. Пегите кои ги предизвикува болниот црн дроб се уште еден проблем. Сè поголем број луѓе кои користат ЗМ нè информираат дека пегите им исчезнале. Исто се случува и со пегите од претерано сончање.

Мастите кои ги излачуваат клетките на епидермисот ја штитат кожата. Но, инфрацрвените зраци, кислородни оксиди и загадениот воздух предизвикуваат оксидација на клетките и клеточните мембрани, што предизвикува црвенило и пеги, кои можат да прераснат во рак на кожа. Антиоксидативните состојки на зелената есенција ја спречуваат оксидацијата на себумот и ги намалуваат воспалителните промени, старечките пеги и стареењето.

Зелената есенција содржи многу витамини во совршена рамнотежа, а делувањето на таквите врамнотежени витамини е многу појако. Многу луѓе имаат погрешно мислење дека земањето на витамин Ц во високи дози е најдобро за кожата. Земањето на големи количини на еден витамин е најлошо што може да направите.

## Најдобар начин за употреба на ЗЕЈ

Бидејќи таа не може да се произведе во домашни услови (тоа е многу тешко а и резултатите не се сигурни), најлесен начин да се дојде до неа е со купување и користење прав кој под различни имиња се продава на пазарот. При купување во аптеките и продавниците за здрава храна ќе добиете упатство за користење и правилен начин за дозирање на овој додаток во исхраната. Немојте да употребувате топла вода. Ако ја растворите во топла вода (на тем-

пература за подготовка на чај) хлорофилот и сите присутни ензими ќе бидат уништени, а нивното лековито дејство инактивирано. Таа треба да биде растворена во вода или овошен сок, но може да го проголтате нерастворен во вода, доколку ви се допаѓа таквиот начин на употреба.

## Извонреден вкус

Зелената есенција нема непријатен горчлив вкус и лош мирис. Напротив, и децата може да ја користат без проблеми, па дури и доенчињата. Процесот на апсорбција најдобро се одвива ако ја пиете полека. Задржете ја во устата неколку секунди а потоа проголтајте. За возрасни препорачана дневна доза е 2-3 лажички (за деца 1 чајна лажичка) на ден. Доколку користите зелена есенција во форма на стапчиња се препорачува 2-3 стапчиња за возрасни, а 1 за деца и таа доза би требало да се зема 2-3 пати на ден). Препорачуваме двојно поголема доза за оние кои имаат посериозни здравствени нарушувања. Ако користите зелена есенција дури и во големи количини, нема да имате никакви потешкотии за разлика од фармацевтските, синтетски препарати кај кои мора да внимавате да не дојде до предозирање. Таа се состои од сосема природни елементи и содржи хранливи состојки во идеална рамнотежа и нема потреба да се грижите за појава на несакани ефекти. Некои симптоми (на пример, проблеми со варење) веднаш реагираат на ЗЕЈ во позитивна насока. Во зависност од тежината на симптомите и индивидуалните разлики ќе зависи после колку време ќе се намалат или сосема отстранат несаканите симптоми. Затоа ве молиме да бидете стрпливи и да продолжите редовно да ја консумирате зелената есенција. Резултатите од ова „зелено богатство“ треба да бидат видливи во рок од три месеци. Не заборавајте дека таа е додаток во исхраната кој на телото му обезбедува повеќе енергија, го зајакнува имунитетот и ја забрзува моќта на ревитализација на самото тело т.е. води до самоизлекување.

# ПОСТАПКА ПРИ ОБРАБОТКА НА ЈАЧМЕНОТ ВО *GREEN FOODS CO.*

*Green Foods Co.* користи исклучуво свежи листови на млад јачмен одгледани во близина на Тихиот океан. Листовите веднаш се пренесуваат во производните погони каде јачменовите листови се мијат, дробат и пресуваат. Нерастворливите целулозни влакна се екстрахираат, издвојуваат и се враќаат на полињата каде се користат како еколошко ѓубриво. Само растворливите клетки, кои се вистински извор на хранливи состојки, се користат во производство на јачменов сок. Концентратот се меша со малтодекстрин (сложен јагленохидрат) и со кафен ориз, кој служи како материја за врзување. Добиениот сок тогаш се суши на собна температура за да се сочуваат витамините, минералите и ензимите. Во следниот чекор, добиениот фин прав се гранулира за да биде подобро растворлив во вода или овошен сок. Во телото се апсорбира за дваесет минути и хранливите материи за кратко време влегуваат во крвотокот и телото може да ги користи.

### Разлики во процесот на произведување

Постапката на екстракција т.е. цедење на сокот од младите листови на јачменот од светски познатата компанија за производство на додатоци во исхраната - *Green Foods (GFC)*, значајно се разликува од истата постапка кои ја применуваат другите производители на ЗМ.

### Револуционерен, нов начин на производство

После повеќегодишни истражувања открив нова револуционерна технолошка постапка за производство на сок од младите листови на јачмен. Постапката се состои во пресување и цедење на свеж, зелен сок од листовите на јачмен и негово дехидрирање на собна температура за само 3 секунди. Оваа постапка овозможува

финалниот производ да ги содржи сите хранливи состојки во целост и во онаа природна форма како што се наоѓаат во младите јачменови листови. Така се овозможува производство на додаток во исхраната кој човековото тело може лесно да го искористи. На почеток листовите внимателно се мијат а потоа се поставуваат на валјак кој ги крши влакната и го цеди зелениот сок. Следниот чекор е дехидратација на сокот во само 3 секунди на собна температура на која се одвива целата постапка. Бидејќи нема влага, хранливите состојки се потполно сочувани. Како резултат на тоа се добива прав на зелената есенција, кое телото лесно го апсорбира и користи. Оваа постапка ја чува активна (сирова, свежа) есенцијата на младите листови на јачменот така што ја претвора во енергетски зелен прав. Благодарејќи на тоа хранливите состојки од свежите листови остануваат сочувани во извонреден диететски производ чија примена е едноставна, лесно се чува и користи. Овој единствен начин на производство на ЗЕЈ добил многу награди меѓу кои и престижната *Science and Technology Agency Director-Generals Prize*, 1987 година. ЗЕЈ и нејзините чудесно добри ефекти секокјдневно добиваат сè повеќе и повеќе признанија.

### Постапка на обработка на јачменот во други фирми

Другите произведувачи на „зелени додатоци во исхраната" вршат дехидрирање на целите јачменови или пченични листови, вклучувајќи ги и целулозните влакна, со пропуштање во врел воздушен тунел или барабан. Високите температури и долготрајното сушење во тек на обработката, ги уништува активните хранливи материи. Сувиот јачмен или пченица, вклучувајки ги и нерастворливите целулозни влакна се пулверизираат во прав. Поради користење на цели јачменови и пченични листови, добиениот прав тешко се раствора во вода. Освен тоа стврднатите влакна ги заробуваат хранливите состојки и така добиениот прав многу потешко се апсорбира во органите за варење.

# ЗОШТО ПЛАСТИКА?

Се запознавме со *Green Foods* производите кои се спакувани во стаклени шишенца а потоа во картонски кутии. Таквиот начин на пакување на производите е единствен стандард кој *Green Foods* веќе со години го користи за пакување на додатоците во исхраната. Пред една година со интензивен маркетиншки план и стратегија, одлучивма да завземеме водечко место во индустријата на производство на додатоци на исхраната. Со помош на фирмата *J. Landworth* и нивното искуство во областа на пакување на производите (стакло и пластика) бевме во можност на нашите производи да им дадеме изглед кој ќе го привлече вниманието на потрошувачите. Во потрага по најдобра амбалажа, *Green Foods* направи нов чекор во пакувањето со користење на *PET (polietilen terphthalat)* за своите нови пластични шишенца. Многубројни се предностите со употребата на *PET* пластичните шишенца:

- Во производството на *PET* пластиката не се користат органохлори што значи дека не пропуштаат токсични хемикалии. *PET* не содржи материи кои го успоруваат согорувањето и не содржи (ниту ослободува) диоксин. Исто така не содржи мириси кои би можеле да го изменат мирисот на правот од младиот јачменов лист.
- *PET* е најпогоден вид пластика за рециклирање. Истражувањата покажале дека со рециклирање на *PET* пластиката се ослободуваат помалку отпадни материи во воздухот и во водата во споредба со другите материи.
- *PET* не содржи олово.
- *PET* шишенцата не се кршат. Исто така, претставуват одлична заштита од јаглеродниот диоксид, кислородот и влагата.
- Кога станува збор за транспортот, намалената тежина на финалниот производ ја олеснува испораката.
- Зелената боја која ја користиме не е штетна, а воедно претставува силна заштита од ултравиолетовите зраци.

# ВООБИЧАЕНИ ПРАШАЊА ЗА ЗЕЛЕНАТА МАГМА

### Во што може да се раствора ЗМ?

Сите Магма производи може да се приготвуваат со вода или било кој сок од овошје или зеленчук. Се препорачува пијалокот да се консумира најдоцна 15 минути од подготовката за да се зачува активноста на ензимите. Многу е важно правот да се раствора во течност на собна температура или нешто поладна, бидејќи топлите напитоци ги уништуваат активните ензими и другите хранливи состојки.

### Која е разликата помеѓу Магма производите и другите зелени производи на пазарот?

Производите на *Green Foods Corporation* произведени се во посебно опремени постројки кои го овозможуваат зачувувањето на хранливите вредности на овошјето и зеленчукот во крајниот производ. Другите производители користат високи температури и ладно сушење со што времето на обработка станува предолго, а со тоа се уништуваат ензимите и другите хранливи состојки.

### Остануваат ли Магма производите свежи и после отворањето?

Да. Малтродекстринот (сложен јагленохидрат) се додава на екстрактот за да ги заштити ензимите и останатите хранливи материи од оксидација. Со тоа се врши стабилизација на активните ензими и останатите хранливи материи сѐ додека не се растворат во вода.

### Како да се чува ЗМ?

Сите Магма производи би требало да се чуваат добро затворени во оригиналната амбалажа. Потребно е да се чуваат на ладно

и темно место, подалеку од влага и сончева светлина бидејќи во спротивно доаѓа до оксидација на правот. Не ги замрзнувајте! Прашокот може да се чува во фрижидер, но само доколку остане сув.

### Може ли Магма производите да ги користат дијабетичари?

Да. Магма производите не влијаат неповолно на нивото на шеќерот во крвта. Содржат мал процент на јагленохидрати по оброк.

# ЗА АВТОРОТ

**D-r Yoshihide Hagiwara**

Д-р Хагивара е роден во обласа Оита 1925 год. После Втората светска војна живее во Хирошима и лично е сведок за разорното дејство на радијацијата. Во 1949 г. дипломирал фармација на универзитетот Кумамото и веднаш се посветува на истражувачка работа и развој. Докторирал во 1960 г. Во 1962 г. е награден со наградата *All-Japan Inventors Prize* за трудот „Метода на обновувачи на косата и козметички основи" а во 1964 г. го добива одликувањето *Blue Ribbon*, кое го доделува јапонскиот премиер.

Во 1982 г. ја добива наградата *Pharmaceutika Meritorious Service Award*, а 1987 г. награден е со *Science and Technology Agency Director – General's Prize* за „Развој на методата за производство на прав од младиот јачменов лист". Завзема значајно место во бројни фармацевтски фирми и организации за здрава исхрана, а моментално е подпредседател на *Japan Kanpo Shoyaku (Chinese Herbs) Manufactures Association* и директор на непрофитната организација *Japan Health Food Association*. Академската 1992 година ја поминал како професор-гостин на универзитетот во Калифорнија. Во 1994 г. е награден со *Japanese Drug and Medical Meritorious Service Award* за развој на техниката за добивање на екстракти и стабилизација на витамини, минерали и живи ензими во хранливите додатоци во прав, вклучувајќи ја и Зелената магма. Помеѓу другото, ја напишал и книгата Зелена есенција на јачмен *(Yodensha)*, чиј англиски превод е издаден од издавачката куќа *Keats Publishing Co.*

*D-r Yoshihide Hagiwara*
Автор на Зелена магма

*D-r Yoshihide Hagiwara* го посветил целиот свој живот на научни истражувања и создавање здрав и мирен живот на планетата. Пред многу години како сопственик на една од најголемите јапонски фармацевтски куќи, станал свесен за проблемите кои ги предизвикуваат многуте хемикалии кои ги употребува модерната медицина. Тогаш одлучил да го посвети своето знаење и способност во пронаоѓање на „совршено природна храна“ - задача која траела триесет години. После многубројни истражувања и лабораториски експерименти, *d-r Hagiwara* открил дека меѓу 200 различни растителни видови кои ги анализирал, сокот од младите листови на јачменот нудат најголема количина на активни состојки.

ЗМ добиена од сокот на младите листови на јачменот кој органски се одгледува во непосредна близина на производните простории содржи оптимална количина на бета каротен (кој телото го претвора во вит. А), ензими како супероксиддизмутаза, витамини Ц и Е, Б1, Б2, Б3, Б6 (витамините се катализатори и многу значајни во претворање на храната во енергија) аминокиселини и многу други вредни состојки.

# НАТУРА- ПЛУС

Увозник и ексклузивен дистрибутер за Македонија на *Green Foods Corporation, Daiwa Pharmaceutical, Aloe Organics, Rochway Ltd., Nutrausi, GNP Products* и други. Натура-Плус увезува и дистрибуира производи класифицирани како природни додатоци во исхраната, со врвен квалитет и органско потекло.

Натура-Плус Ви нуди и услуги од областа на ортомолекуларната медицина заради зачувување и подобрување на здравјето по природен пат, како и услуги од областа на нутриционистиката (совети и програми за исхрана).

Целта на Натура-Плус како што самото име кажува е со најдобро можен спој на природни додатоци во исхраната од органско потекло (Натура-природа) и класичната медицина (Плус-фармацеутика) да се зачува и подобри најдрагоценото нешто на човекот, а тоа е здравјето.

Сѐ додека не се наруши здравјето, човекот не е свесен за неговата вредност. Таткото на медицината Хипократ рекол: Мудриот човек треба да знае дека здравјето е најголемиот човеков благослов.

Квалитетот на нашето живеење зависи од квалитетот и енергетската вредност на производите кои ги користиме во секојдневното живеење. Природните производи направени по најстроги критериуми на огранско производство и на традиционален начин, нам ни се познати и достапни. Затоа, нашето мото е - Користете ја моќта природата,а тоа е најдобриот пат во намерата да го сочувате Вашето здравје. На тој пат Ваши сопатници и пријатели сме Ние - стручниот тим на Натура-Плус.